научни трудови значеа ширење на вистината за историското минато на македонскиот народ. Публикувањето на едно место на неговите бројни трудови, кои зафаќаат околу три и пол илјади страници, претставува за сите заинтересирани нова можност да ги спознаат објективните историски процеси, настани и афирмација на македонската нација, но едновремено и со настојувањата за искривување на историската вистина, фалсификувањето на историографијата и присвојувањето на историјата на македонскиот народ.

Посебна вредност и значење „Одбраните дела" на проф. д-р Данчо Зографски имаат и поради тоа што сите негови истражувања се потпираат врз богата и солидна архивска документација, бројни официјални акти, статистички публикации и исцрпана литература. Покрај опстојните истражувања во соодветните фондови при архивите во земјата, исцрпни истражувања тој вршел и во архивите во Виена, Бон, Потсдам и Лондон.

Со отпечатувањето на „Одбраните дела" на проф. д-р Данчо Зографски, меѓу кои повеќе студии беа исцрпени и покрај тоа што доживеаја повеќе изданија, македонската историографија и научна мисла збогатена е со еден научен опус којшто се наоѓа на самиот врв на научните и творечките постигнувања на нашата наука, додека нивниот автор, проф. д-р Данчо Зографски, го наредуваат меѓу најкомплетните и најкомпетентните истражувачи на историското минато на македонскиот народ и меѓу класиците на македонската историографија.

Ристо ХРИСТОВ

УДК. 323.1: 329.733 + 325.83 + 949.717.06 „1904/1908" (049.3)

## Манол Пандевски, МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДЕЛО ВО XIX И XX ВЕК, I—IV, Мисла, Скопје, 1987

Продолжувајќи ја зацртаната програма за објавување на капитални дела од македонската историографија, угледното скопско книгоиздателство „Мисла", во почетокот на 1987 година, ги публикува „Избраните дела" на еден од најдобрите и најтемелните македонски историчари, акад. Манол Пандевски, во пет книги.

Македонското облободително дело во XIX и XX век всушност е суштествената карактеристика и творечката ангажираност на акад. Манол Пандевски, почнувајќи од почетоците на минатиот век, па сè до нашата современост, обработувајќи ги на мошне студиозен начин сите епохи, периоди и значајни настани во нив. Во овој временски опфат, авторот обработил есенцијални проблеми и прашања од националната историја на македонскиот народ, (и не само тоа), следејќи ги во еден континуиран ôд сите процеси, настани и дејци во нив.

Првиот том од петтомникот ја содржи монографската студија „Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903)". Во овој значаен труд авторот врши паралелно следење на две основни компоненти, и тоа: 1. Национално-конститутивните процеси, оживотворувани низ борбата за единство на македонскиот народ како нација во формирање; и 2. Заемните односи помеѓу македонското ослободително движење и народносните групации во тогашна Македонија. Овој тренд авторот продолжува да го следи системно и континуирано навлегувајќи длабоко во порите на мошне сложеното македонско прашање и изнесувајќи на виделина значајни и нови резултати за тој мошне круцијален период кога турската тиранија сè уште ги кршеше кревките фиданки на веќе осознаеното македонско национално бите.

Илинденскиот револуционерен чин, без сомнение, претставува светол настан од енормно значе-

ње за поновата историја на македонскиот народ, најзначаен чин на македонската националноослободителна борба од крајот на XIX и почетокот на XX век. Тоа предизвикало вонредно силен одглас и одраз сред балканската, европската јавност и пошироко. Востанието силно одекнало кај бројни општествени слоеви политички кругови. На една ваква суштествена и благородна тема, М. Пандевски исцело му го посветува вториот том. Во овој монографски труд, авторот го застапува интегралното македонско гледиште за овие настани, поткрепено со богата документарна и аналитичка граѓа. Неговиот пристап е вредносен показ на сериозна методолошка подготовка, трудејќе се и успевајќи да навлезе во суштината на темата и проблемот. Со оглед на фактот што оваа тема претставува мошне сложен проблем, авторот се зафатил со неминовноста да расчисти и да разјасни мошне замрсени прашања за карактерот на востанието, неговите иницијатори, опоненти и носители, за стратегијата, итн.

Во третиот том е поместен монографскиот труд „Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904—1908)". Ова дело, според авторот, претставува потрага по причините за привременото потиснување на македонскиот национален и политички фактор од сложената балканска политичка сцена на почетокот од дваесеттиот век. Своето внимание тој ќе го насочи, во прв ред, кон откривањето на деструктивните сили (антимакедонски), кои, за жал, се развиваа и во пазувите на самото револуционерно ослободително движење на македонскиот народ. Ова беше, сеедно, и причината што по распаѓањето на Отоманската империја во текот на Балканските војни не се конституира македонска држава на Балканот. Во монографијата станува збор и за појавата и карактерот на врховизмот, се дава преглед на положбата на ВМРО по Илинденското востание (1904—1905), се врши анализа на неоврховизмот во периодот по Рилскиот конгрес, со поместување на посебни поглавја за двајцата идеолози на неоврховизмот: Борис Сарафов и Христо Матов, а низ тој континуитет се проследува и расцепот во ВМРО како дело на неоврховизмот.

Како продолжине на проблематиката од третата книга претставува четвртиот том во кој е поместен трудот „Политичките организации во Македонија". Тоа е тн. период на Младотурското владеење што претставува пресвртница во општествениот и историскиот развиток на македонскиот народ. Авторот, во предговорот, ќе нагласи дека овој период досега бил обработуван само парцијално и некомплетно, па оттука и потребата од еден понов студиозен пристап кон проблемот кој наложува разјаснување на политичките асоцијации кои настанале во условите по победата на уставно-парламентарниот режим во Турција. Во понатамошниот контекст се проследуваат легалните политички појави на македонското граѓанство од последните две години на турското владеење во Македонија. Според тоа, овој монографски труд фрла сноп светлина врз едно значајно поглавје од политичката историја на Македонија, кое подоцна ќе се рефлектира низ посложени противречности. Во рамките на своите истражувања авторот ја проследува појавата на новите општествени инситуции и разјаснување на настани. Станува збор и за надворешните пропагандни инфилтрации на македонска почва, четничко-терористичките акции и организации на Бугарија, Грција и Србија, потоа проблемот на мухаџирското доселување, на трговијата со Македонија, и др.

Со „Појави, релации, ликови" е озаглавен петтиот и последниот том од избраните дела на д-р Манол Пандевски. Всушност, тој претставува зборник од помали прилози по обем кои обработуваат проблеми од специфичен интерес, што впрочем е и битна компонента во волуминозниот опус на Манол Пандевски. Овде

тој поместува одбрани статии за положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век, учеството на Македонците во оружените борби на бугарскиот народ во 60-тите и 70-тите години на XIX век, Кресненското востание од 1878—79, Македонија во меѓународните спогодби и договори за времето на Источната криза, Прилози за Гоце Делчев, Рилскиот конкрес, Прилози за Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Димитар Влахов, Прилози кон прашањето за Лениновите гледања на младотурската револуција и балканските војни, итн.

Сите прилози во ова капитално издание се базирани врз богата архивска и друга документација од домашно и странско потекло, со апликација на новите факти, пишувани на еден елоквентен и јасен стил со концизна мисла, пополнувајќи една голема празнина во младата македонска историографска наука, нѐ наведуваат на заклучокот дека „Избраните дела“ на акад. Манол Пандевски во пет тома претставуваат неодминлив извор за секој проучувач на посочениот период и мошне значаен придонес за нашата историографија, за современата научна мисла, како и за поширок круг на читатели.

Благој СТОИЧОВСКИ

УДК 949.717.06:32.019.5 (100) (093.2) (049.3)

**Христо Андонов-Полјански, ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИНЕ И МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ, Мисла, Скопје 1985**

Во 1985 г. во издание на реномираната издавачка куќа „Мисла“ од Скопје, излезе од печат книгата „Илинденското востание и меѓународната јавност“ од д-р Христо Андонов-Полјански, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Всушност, овој монографски труд е јубилејно издание кое се објавува по повод 80-годишнината од славното Илинденско востание во Македонија.

Христо Андонов-Полјански е еден од највидните и најпродуктивните македонски историчари, добитник на наградата АВНОЈ за 1983 година, и автор на околу 500 библиографски единици (монографии, студии, статии, прилози, критики, прикази, осврти, библиографии и сл.), од кои 37 се објавени во посебни книги. Последнава монографска студија, за која станува збор, е посветена на знаменитата за македонскиот народ илинденска голгота, на оној ѕвезден револуционерен чин кој исполнува една од најсветлите страници од историјата на македонското националноослободително движење. Тоа е периодот на првиот македонски Илинден, како што ќе забележи авторот во уводниот дел, кој ќе го навести вториот Илинден во новата достоинствена епоха.

Во оваа монографија првпат и на едно место е обработен одгласот и одразот на Илинденското востание сред балканската, европската и светската јавност.

По кусиот предговор, авторот извршил тематска распределба, од композициска гледна точка, на најзначајните аспекти од историјата на Илинденското востание на две функционални целини.

Во првиот дел е даден преглед на текот на Илинденското востание, востанието и државноправниот феномен на Македонија, дипломатијата и востанието, одгласот на востанието, аспектите во афирмацијата на востанието и неговото историско значење. Во овој дел авторот посебно се задржува на Европа и Илинденското востание, ситуацијата во Македонија и Мирцштешките реформи, англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ, како и на еден проект за автономија на Македонија од 1903 година. Пишувајќи за ехото на востанието, ав-